РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-4198/2
16-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ------------ ------------ од ---------, на продолжението на 38-та седница одржано на ден 14.09. 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12 - 4198/1 од 05.09.2019 година на подносителот ------------ ------------ од ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот со број 12 – 4198 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 4198/1 од 05.09.2019 година а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судски совет на Република Северна Македонија по однос на наводите во доставената пријава за сомневање во работењето на предметниот судија.

Предметот со број 12 – 4198 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 4198 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12 - 4198/1 од 05.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од подносителот ------------ ------------ од ---------.

Во доставената пријава се изнесени наводи за незаконито постапување на МВР Охрид и за злоупотреба на службената положба и овластување на лица вработени во Министерството поради неосновано и противзаконско поднесување на прекршочна пријава и кривична пријава против подносителот на пријавата. Воедно, се бара ДКСК да постапи по предметниот случај, да одлучи и да ја отфрли во целост прекршочната пријава на МВР Охрид со Дел. бр. ------ -- ------ од 26.04.2017 година, истата да ја прогласи спротивна на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир и Законот за администрација и да одлучи за противзаконско работење и постапување на МВР Охрид, како и да го казни за сторената злоупотреба.

При разгледување на предметните и документацијата доставена во прилог на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

- Подносителот на пријавата било вработено кај работодавачот ЈП Македонски Шуми - ПСШ Галичица Охрид, а предметната прекршочна пријава била поднесена по барање за поведување на

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

прекршочна постапка кое било поднесено од страна на МВР СВР Охрид на ден 26.04.2017 година, поради сторен прекршок - нарушување на јавниот ред и мир со физички напад врз друго лице вработено кај истиот работодавач ПСШ Галичица Охрид, а со кое лице им биле нарушени односите од порано. Настанот се случил во работните простории на подружницата во м. април 2017 година.

- Во врска со предметната прекршочна пријава било постапено од страна на надлежен орган Основен суд Охрид и од страна на ист судија биле донесени две пресуди и тоа една на ден 13.07.2018 година, со која наведеното лице била ослободена од одговорност со образложение на судијата дека прекршокот бил сторен но е ослободено од одговорност поради тоа што канцелариите на ЈП не биле јавен простор и другата пресуда на ден 24.04.2019 година, со која истото лице била прогласена за виновна поради за сторен прекршок по член 12 од Законот за прекршоци за прекршување на јавниот ред и мир, на настан кој се одиграл на јавно место – канцеларија на јавно претпријатие и во јавност односно, во присуство на повеќе вработени. Според подносителот на пријавата, ваквото постапување на судијата и донесувањето на две спротивни пресуди за ист предметен случај, дава сомневање за работата на наведениот судија при постапувањето во случајот и во законитоста на донесувањето на предметните пресуди.

- На ден 09.05.2017 година, против подносителот на пријавата била поднесена и кривична пријава од страна на СВР Охрид, поради фалсификување или уништување на деловни книги на работодавачот ЈП Македонски шуми – ПСШ Галичица Охрид, кое било настанато на истиот настан за кој било поднесено и барањето за прекршочна постапка, а по која било постапено од страна на Основно јавно обвинителство Охрид и според наводите на подносителот од страна на јавниот обвинител -------- -----------, истата била отфрлена со Решение каде обвинителот утврдил дека МВР не можело да поднесува кривична пријава за наводен настан кој се случил во канцеларија на јавното претпријатие. Ова решение не е доставено до ДКСК туку подносителот бара ДКСК да го прибави истото од МВР Охрид на кого му било доставено од страна на ОЈО Охрид.

- Во доставената пријава се наведува дека подносителот на пријавата водела судски постапки и со други колеги – вработени во истата подружница на јавното претпријатие и се сомнева дека за предметниот настан биле дадени лажни и невистинити податоци од нејзините колеги се со цел таа да биде избркана од работа бидејќи не била од нивната партија.

- Подносителот на пријавата не наведува дали од нејзина страна како обвинето лице, било искористен некој законски и правен лек односно дали било постапено по правната поука дадена во пресудите и дали се обратила со жалба до надлежниот Апелациониот суд или не. Бара ДКСК да постапи по предметниот случај, да одлучи и да ја отфрли во целост прекршочната пријава на МВР Охрид со Дел.бр. ------- ------ од 26.04.2017 година, истата да ја прогласи спротивна на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир и Законот за администрација и да одлучи за противзаконско работење и постапување на МВР Охрид, како и да го казни за сторената злоупотреба.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во конкретниот случај станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за прашање поврзано со надлежно постапување на други надлежни органи, кои постапиле по истите и преземале дејствија согласно со своите законски надлежности, а воедно подносителот на пријавата како засегната страна во случајот – обвинето лице, можел да ги искористи сите законски и правни лекови кои му биле понудени во

судската постапка за извршување и одбрана на материјалните права преку повисоките судови. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, предметната пријава да се отфрли и предметот да се затвори, а по однос на наводите во доставената пријава за сомневање во работењето на предметниот судија, предметот да се достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 септември 2020 година под бр. 12- 4198/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : Катица Николовска, Член на ДКСК